European Commission

# СПОГОДБА
## ЗА ПАРТНЕРСТВО ПОМЕЃУ

MACEDONIA ZELS

ZELS

Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-337
14.03.2011 год.
СКОПЈЕ

Овој акт го случуваат:

**ГЕНЕРАЛНИОТ ДИРЕКТОРАТ ЗА ЕНЕРГИЈА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА** (во натамошниот текст DG ENER) на Rue de mot 24, BE-1040 Брисел, Белгија претставена со Фабрицио Барбасо, Заменик - Генерален директор за енергија, и

Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.М. (во натамошниот текст ЗЕЛС), со адреса поштенски фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија, ул.Женевска бб, претставувана од Претседателот, Коце Трајановски, градоначалник на Градот Скопје.

СО ОГЛЕД ДЕКА

Европската Комисија во 2008 г. ја основаше Конвенцијата на градоначалниците, отворена за градови и општини од сите големини во Европа, со цел вклучување на локалните власти и граѓаните во развојот и имплементацијата на енергетската политика Европската унија.

Конвенцијата се состои од обврска на земјите и градови потписнички да одат подалеку од целите на ЕУ за намалување на емисиите на $CO_2$ преку мерки за енергетска ефикасност и активности поврзани со обновливи извори на енергија и еколошки чист транспорт.

Европската Комисија го признава статусот на лицата кои дејствуваат како "структурна поддршка", како нејзини главни сојузници во пренесувањето на пораката за зголемување на влијанието на Конвенцијата. Овие структури се дефинирани како оние мрежи на локалните власти, кои се во позиција да обезбедат стратешки насоки и техничка поддршка на општините кои имаат политичка волја да се регистрират на Конвенцијата на градоначалниците, но поради недостатокот на вештини и / или ресурси да ги задоволи барањата; имено, подготовката, усвојувањето и имплементацијата на одржлив акционен план за енергија.

ЗЕЛС како своја главна цел има да ги претставува и да застапува интересите на локалната самоуправа на национално и европско ниво, и да ја поттикнува размената на искуствата и најдобри практики меѓу своите членки и други субјекти. ЗЕЛС особено работи на одржливи локални енергетски политики и заштита на климата, унапредување на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

ЗЕЛС пристапува кон Конвенцијата на градоначалниците и нејзиниот потенцијал, очекуваните резултати од нејзиното воспоставување, а заради што одлучи да ја зајакне промоцијата на Конвенцијата на градоначалниците во редот на своите членови и други локални власти и да ги поддржи оние кои се посветени кон Пактот.

Covenant of Mayors
Committed to local sustainable energy

Се договорија за следново:

I

DG ENER јавно го препознава ЗЕЛС како главен партнер во сорботката, по својот квалитет на субјект кој ќе овозможи релевантна поддршка.

II

ЗЕЛС се обврзува да ги извршува следните обврски:

а) Промовирање на пристап кон Конвенција на градоначалниците, ќе врши адаптација и превод на одредбите од актите, ќе објавува информации во Гласилото на ЗЕЛС и на ЗЕЛС интерент страницата, обезбедување поддршка и координација на оние членови кои се регистрирани (помагајќи им да организираат јавни настани за подигање на свеста по овие прашања)

б) Јавно ја признава Конвенција на градоначалниците, како клучен елемент на нејзината политика.

в) Ќе одржува врски со своите членови и ќе ја олесни размената на искуства помеѓу потписниците и кандидатите на Конвенција на градоначалници.

г) Ќе ги застапува заедничките интереси на национално и/или европско ниво со цел олеснување на пристапот до Конвенцијата на градоначалници и спроведување на своите барања.

д) Ќе има посредничка улога меѓу членовите на ЗЕЛС и канцеларијата на Конвенцијата на градоначалници, со националните (или локални) медиуми.

ѓ) Ќе обезбеди помош при идентификување на релевантните настани каде што Конвенцијата на градоначалниците би можела да биде промовирана.

г) Ќе обезбеди повратни информации за спроведувањето од страна на членовите на Конвенција на градоначалници преку учествуво во дискусии за стратешките цели и имплементација на иницијативите предложени од страна на Комисијата.

д) Ќе изготви извештај до Канцеларијата на Конвенцијата на градоначалниците за преземените дејствија од страна на ЗЕЛС.

III

DG ENER се обврзува да:

а) Обезбеди поддршка во видливоста на значајни конференции и настани поврзани со Конвенцијата на градоначалниците.

б) Да сподели и да ги направи информациите достапни, со цел напредок во остварувањето на заедничките цели.

в) навремено да информира за новјновиот развој на настаните во процесот на Конвенцијата.

IV

Овој договор не подразбира правни и буџетски обврски помеѓу Комисијата и ЗЕЛС. Овој договор ќе се обновува автоматски секоја година доколку не е поинаку одлучено од една или обете страни.
Страните ќе соработуваат и работат заедно за еднакви цели и за нивна заедничка корист, а заради остварување на целите утврдени со овој договор.

Доколку некоја одредба или одредбите на оваа да се покажат како неприменливи страните се обврзуваат да подготват нови алтернативни решенија за да придонесат кон остварувањето на целите на Конвенцијата.

Договорот е потпишан во два примероци на англиски јазик, со соодветен превод на македонски јазик.

Договорните страни се согласуваат дека во случај на каква било отстапка во интерпретација меѓу трите верзии, текстот на англиски јазик ќе биде меродавен.

23/2/2011

Marie C. Donnelly

Европска Комисија
*Генерални Директорат за енергија*
Marie Donnelly
*Заменик генерален директор за енергија*

ЗЕЛС
Претседател
*Коце Трајановски*

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ
ЗДРУЖЕНИЕ НА ОПШТИНИ
ЗЕЛС
СКОПЈЕ